Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14, 149/15 и 53/16), и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на општина Босилово, донесува:

# ПЛАН И ПРОГРАМА
## за решавање на проблемот со бездомните кучиња на подрачјето на Општина Босилово за 2019 година

## 1.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња, условите, организацијата и обемот на изршувањето, како и начинот на финансирањето.

Согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, Општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња, доколку се затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти - прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.Заловувањето на бездомните кучиња ќе се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Бездомните кучиња треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај на бездомни кучиња вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучиња, а во случај на бездомни кучиња на товар на општината.

Во случај на појава на заразна болест која може да се пренесе со кучињата, односно доколку постои опасност од појава на ваква болест, може да се направат исклучоци односно да се спроведе успивање односно еутанизирање на бездомните кучиња со средства за хумана еутаназија кои се регистрирани во Република Северна Македонија.

Поточно Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат.